4.14 Согласно мислењето од Министерсво за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина – Сектор за природа – Одделение за уредување на просторот во заштитни подрачја и геодиверзитет со бр.11-2809/2 од 17.05.2019, при спроведување на Општиот акт потребно е да се почитуваат одредби за заштита на природата.

4.15 Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

4.16 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

4.17 При спроведување на Општиот акт, да се почитуваат во целост одредбите од член 83 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и да се почитуваат одредбите од член 40 од Законот за јавните патишта (Сл. весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14 и 44/15).
При примена на планираните намени во опфатот од општиот акт, тоа што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)

5. НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ И ГРАДБИ

Изградбата на инфраструктурни објекти и водови е планирано според изработен проект за инфраструктура, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

6. ПРОСТОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ ВО СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР

Општиот акт за село Драчево се дефинира просторната организација и условите за градење во селско стопански двор.
Во рамките на градежните парцели со класа на намена А1(домување во станбени куќи – селско стопаски дворови) освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско стопански двор(штали, складишта, гаражи и сл.).

7. ОПИС НА ОСНОВНИТЕ ВЛЕЗНО-ИЗЛЕЗНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО И НЕГОВАТА СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ СО ПОШИРОКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

Селото Драчево се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина на 12 километри оддалеченост од центарот на Скопје (во југоисточен правец).

Низ село Драчево поминува регионалниот пат Р1106, врска со Р1102-Драчево-Варвара-Нова Брезница-Кула-Коломот-мост кај Близанско-Калуѓерец-Суводол(врска со Р1303) и Р2131, Драчево (врска со Р1106-Орешани-Таор-Катланово(врска со Р1102).

Влезни патни правци од град Скопје кон предметниот опфат за село Драчево се преку транзитната магистрала бул.Македонија, собирната улица Јустинијан-1 и Новопланирана собирна улица 5 согласно ГУП на град Скопје од 2012-2022 година.

Во селото Драчево се наоѓа железничката станица „Драчево" – железничка станица на железничкиот коридор 10 Скопје – Гевгелија – Солун. Оваа станица претставува распатница бидејќи на нејзе се надоврзува крakот од скопскиот железнички јазол (обиколница) која директно ги поврзува пругите во системот за централно регулирање на железничкиот сообраќај.



Од село Драчево преку секундарна сообраќајна мрежа излегуваат патни правци кон селата Љубош, Горно Количани, Студеничани и Долно Лисиче.

При спроведување на Општиот акт, за катастарските парцели кои спаѓаат во зоната на заштитен појас од 25м од осовина на железничката пруга, да се добие позитивно Мислење од ЈП МЖ Инфраструктура и АД МЖ Транспорт согласно Законот за железничкиот систем (Сл.весник на РМ бр.48/2010, 23/11 и 80/12) и Законот за сигурност на железничкиот систем (Сл. Весник на РМ бр.48/2010, 23/11, 53/11 и 58/11).

При спроведување на Општиот акт, да се почитуваат заштитните појаси на регионалните патишта Р1106 и Р2131 согласно Законот за јавните патишта (Сл. весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14 и 44/15), само во деловите каде не поминува транзитна магистрала бул.Македонија, собирната улица Јустинијан-1 и Новопланираната собирна улица 5 согласно ГУП на град Скопје од 2012-2022 година.

При спроведување на Општиот акт, да се почитуваат во целост одредбите од член 40 од Законот за јавните патишта (Сл. весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14 и 44/15).

8. СООБРАЌАЈНИ УСЛОВИ ЗА ПРИСТАП ДО ГАДБИТЕ И НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СТАЦИОНИРАНИОТ СООБРАЌАЈ

Колскиот пристап до градбите и начинот на решавање на стационарниот сообраќај треба да е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Пристапот од примарна сообраќајна мрежа да се решава согласно член 3 од Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 134/16), односно согласно член 63 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

При спроведување на Општиот акт, да се почитуваат заштитните појаси на регионалните патишта Р1106 и Р2131 согласно Законот за јавните патишта (Сл. весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14 и 44/15), само во деловите каде не поминува градската транзитна магистрала бул.Македонија, собирната улица Јустинијан 1 и Новопланираната собирна улица 5 согласно ГУП на град Скопје од 2012-2022 година.
Стационарниот сообраќај – паркирањето да се решава во рамки на сопствената градежна парцела. Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изграденост, коефициент на искористеност, висина на венец и катност).
Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

При спроведување на Општиот акт, да се почитуваат во целост одредбите од член 83 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и да се почитуваат одредбите од член 40 од Законот за јавните патишта (Сл. весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14 и 44/15).

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

9.1 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

9.1.1 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

9.1.2 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

9.1.3 РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита. Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување. Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

9.2 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Согласно допис од од Управата за заштита на културно наследство бр. 13-1868/10 од 13.05.2019год., Национален конзерваторски центар изгорви Извештај од извршен увид на дел од катастарските парцели на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода – Скопје со број 10-552/6 од 28.06.2019год. и констатира дека на еден дел од територијата на која се планираат измените на Општиот акт за село Драчево се

евидентирани археолошкиот локалитет Пеленица, регистриран како споменик на културата со Решение бр.122/76 од 01.09.1969 година и две археолошки наоѓалишта Пинтија (Ќуприја) и Белчевица.

Согласно наведеното, за овој општ акт, НУ Конзерваторски центар – Скопје изработи Заштитно-конзерваторските основи за недвижното културно наследство, основи за подрачје на опфат на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје (бр. 08-552/14 од 30.08.2019год.), за кои Управата за заштита на културното наследство има донесено Решение за одобрување на основите (бр. УП17-651 од 19.09.2019 година).

Показателите од валоризацијата, режимите и насоките за заштита (претставени во графичкиот дел од заштитно – конзерваторските основи) се дел од овој општ акт, согласно претходно изнесените заклучоци во основите по однос на сите компоненти од заштитниот режим и другите синтезни показатели и прикази.

9.2.1 ВАЛОРИЗАЦИЈА

Валоризацијата, според Законот за заштита на културното наследство, е стручна и научна процена на вредностите и својствата на добрата според утврдени критериуми, во функција на нивно ставање под заштита и подведување под соодветен режим на заштита.
Предмет на валоризација со овие Заштитно-конзерваторски основи за Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, не е Археолошкото наоѓалиште "Белчевица", с. Драчево, Скопје, содржано во точката 4.2. Инвентар на незаштитени недвижни добра кои заслужуваат да бидат ставени под заштита, од причина што истото досега не било предмет на опфатни археолошки истражувања (ископувања) и не располагаме со доволно податоци за нивните вредности и значење.
Границите на наведеното археолошко наоѓалиште во овие основи се претпоставени, врз основа на конфигурацијата на теренот и распространетоста на површинските наоди забележана при теренските увиди.
Поради тоа, во моментот нема доволно податоци за негова валоризација како посебно добро, односно за дефинирање на границите, категоријата и режимот на заштита, како и за определување на контактна зона со граници и режим на заштита. Меѓутоа, досегашните сознанија налагаат да се обезбеди соодветна заштита преку пропишување на посебни мерки на заштита.

9.2.2 РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

Во подрачјето на опфат на овие Заштитно-конзерваторски основи за Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, се наоѓа едно заштитено недвижно добро кое е предмет на ревалоризација:

1. ***Споменик на културата –***
   Археолошки локалитет "Пеленица", с. Драчево, Скопје

Ревалоризацијата е прикажана во графичкиот прилог: ***Лист 08 – Ревалоризација од*** Заштитно-конзерваторските основи за недвижното културно наследство, основи за подрачје на опфат на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје (бр. 08-552/14 од 30.08.2019год.) .

Делот од Заштитеното подрачје – "Пеленица" во с. Драчево, Скопје, кој влегува во предметниот опфат, прикажан е како детал во графичкиот прилог: ***Лист 10 – Дел од Заштитеното подрачје – "Пеленица" во с. Драчево, Скопје (Детал, М=1:1000) од*** Заштитно-конзерваторските основи за недвижното културно наследство, основи за подрачје на опфат на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје (бр. 08-552/14 од 30.08.2019год.).

1. Споменичка целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје

	
назив	Споменичка целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје
локација	с. Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје
граници на доброто	Границите на доброто дадени се подолу.
координати на границите на доброто	Координатите на границите на доброто дадени се подолу.
катастарски парцели (КП) во границите на доброто	Катастарските парцели (КП) во границите на доброто дадени се подолу.
катастарски парцели (КП) со кои граничи доброто	Катастарските парцели (КП) со кои граничи доброто дадени се подолу.
граници на контактна зона	Границите на Контактната зона на дадени се подолу.

координати на границите на контактната зона	Координатите на границите на Контактната зона дадени се подолу.
катастарски парцели (КП) во границите на контактната зона	Катастарските парцели (КП) во границите на Контактната зона дадени се подолу.
катастарски парцели (КП) со кои граничи контактната зона	Катастарските парцели (КП) со кои граничи Контактната зона дадени се подолу.
граници на делот од контактната зона во предметниот опфат	Границите на делот од Контактната зона, кој влегува во опфатот на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, дадени се подолу.
координати на границите на делот од контактната зона во предметниот опфат	Координатите на границите на делот од Контактната зона, кој влегува во опфатот на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, дадени се подолу.
катастарски парцели (КП) во границите на делот од контактната зона во предметниот опфат	Катастарските парцели (КП) во границите на делот од Контактната зона, кој влегува во опфатот на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, дадени се подолу.
катастарски парцели (КП) со кои граничи делот од Контактната зона во предметниот опфат	Катастарските парцели (КП) со кои граничи делот од Контактната зона, кој влегува во опфатот на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, дадени се подолу.
површина на доброто	Површината на доброто изнесува 9.526 м^2 (0,95 хектари).
површина на делот од контактната зона во предметниот опфат	Површината на делот од Контактната зона, кој влегува во опфатот на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, изнесува 22.405 м^2 (2,24 хектари).
површина на делот од заштитеното подрачје во предметниот опфат	Површината на делот од Заштитеното подрачје, кој влегува во опфатот на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, изнесува 31.931м^2 (3,19 ха)
автор на доброто	непознат
време на настанување	римски период

вид	старохристијански ротонди

Назив на доброто:

За доброто се предлага следниот назив:

Споменичка целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје

Класификација на доброто:

За доброто се предлага следната класификација:

Класа:	Недвижно културно наследство	1.
Вид:	Споменичка целина	1.2.
Група:	Споменички целини со различна намена	1.2.2.
Подгрупа:	Комплекси од религиозен карактер	1.2.2.2.
Тип:	Други градби што формираат комплекси од доминантно религозен карактер	1.2.2.2.3.

Граници на доброто:

За доброто се предлага задржување на постојните граници односно границите на КП 4046 КО Драчево 2.

Координати на границите на доброто:

Координатите на границите на доброто се наведени погоре.

Катастарски парцели (КП) во границите на доброто:

Во границите на доброто се наоѓа КП 4046 КО Драчево 2.

Катастарски парцели (КП) со кои граничи доброто:

Катастарските парцели со кои граничи доброто наведени се погоре.

Граници на Контактната зона

(Заштитеното подрачје – "Пеленица", с. Драчево, Скопје):

За граници на Контактната зона на Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје (граници на Заштитеното подрачје – "Пеленица", с. Драчево, Скопје) се предлагаат следните граници:

- *Север* - Северната граница на Контактната зона започнува во северозападниот агол на КП 18 и оди кон исток по северната граница на КП 18, КП 17, КП 15 и КП 14, линијата што ја сече КП 10 (КО Долно Количани); линијата што ги сече КП 3526, КП 4042, КП 4043 и КП 2746, северната граница на КП 4044 (КО Драчево 2), до пресечната точка со источната граница на Контактната зона.

- *Исток* - Источната граница на Контактната зона започнува во североисточниот агол на КП 4044 и оди кон југ по источната граница на КП 4044, линијата што ја сече КП 3806, источната граница на КП 4045, КП 4049, КП 4051, КП 4053, КП 4054, КП 4055, КП 4056, КП 4057, КП 4163 (КО Драчево 2), до пресечната точка со јужната граница на Контактната зона.

- *Југ* - Јужната граница на Контактната зона започнува во југоисточниот агол на КП 4163 и оди кон запад по јужната граница на КП 4163, линијата што ја сече КП 2746, дел од источната граница на КП 4168, јужната граница на КП 4168 (КО Драчево 2); дел од источната граница на КП 38, западната граница на КП 38, јужната граница на КП 13, КП 16, КП 18 (КО Долно Количани), до пресечната точка со западната граница на Контактната зона.

Запад - Западната граница на Контактната зона започнува во југозападниот агол на КП 18 и оди кон север по западната граница на КП 18 (КО Долно Количани), до пресечната точка со северната граница на Контактната зона.

Координати на границите на Контактната зона

(Заштитеното подрачје – "Пеленица", с. Драчево, Скопје):

Координатите на границата на Контактната зона (Заштитеното подрачје - "Пеленица", с. Драчево, Скопје) не можат да се дадат бидејќи не располагаме со геодетска подлога за делот кој припаѓа на КО Долно Количани.

Катастарски парцели (КП) во границите на Контактната зона:

Во границите на Контактната зона на Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје, се наоѓаат следните катастарски парцели според катастарските општини на кои припаѓаат:
- *КО Драчево 2* - дел од КП 2746, дел од КП 3526, дел од КП 4042, дел од КП 4043, КП 4044, КП 4045, КП 4049, КП 4051, КП 4053, КП 4054, КП 4055, КП 4056, КП 4057, КП 4163, КП 4168.
- *КО Долно Количани* - дел од КП 10, КП 11, КП 12, КП 13, КП 14, КП 15, КП 16, КП 17, КП 18, КП 38.

Катастарски парцели (КП) со кои граничи Контактната зона

(Заштитеното подрачје – "Пеленица", с. Драчево, Скопје):

Контактната зона на Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје (Заштитеното подрачје - "Пеленица", с. Драчево, Скопје) граничи со следните катастарски парцели:
- *Север* – КП 8, КП 9, дел од КП 10 (КО Долно Количани); дел од КП 3526, дел од КП 4042, дел од КП 4043, КП 4036 (КО Драчево 2).

- *Исток* – КП 4040, дел од КП 3806, КП 4041, КП 4047, КП 4048, КП 4050, КП 4052 (КО Драчево 2).

- *Југ* – КП 4164, КП 4165, дел од КП 2746, КП 4243, КП 4180, КП 4170 (КО Драчево 2); КП 39, КП 29 (КО Долно Количани).

- *Запад* – КП 19 (КО Долно Количани).

Граници на делот од Контактната зона (делот од Заштитеното подрачје – "Пеленица", с. Драчево, Скопје) кој влегува во предметниот опфат:

Делот од Контактната зона на Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје, кој влегува во подрачјето на опфат на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, ги има следните граници:
- *Север* – Северната граница на овој дел од Контактната зона започнува во пресечната точка на западната граница на овој дел од Контактната зона со линијата што ја сече 4043 и оди кон исток по линијата што ја сече 4043, северната граница на 4044, до пресечната точка со источната граница на овој дел од Контактната зона.

- *Исток* - Источната граница на овој дел од Контактната зона започнува во североисточниот агол на КП 4044 и оди кон југ по источната граница на КП 4044, линијата што ја сече КП 3806, источната граница на КП 4045, КП 4049, КП 4051, КП 4053, КП 4054, КП 4055, КП 4056, КП 4057, КП 4163, до пресечната точка со јужната граница на овој дел од Контактната зона.

- *Југ* - Јужната граница на овој дел од Контактната зона започнува во југоисточниот агол на КП 4163 и оди кон запад по јужната граница на КП 4163, линијата што ја сече КП 2746, дел од источната граница на КП 4168, јужната граница на КП 4168, до пресечната точка со западната граница на овој дел од Контактната зона.

- *Запад* - Западната граница на овој дел од Контактната зона започнува во југозападниот агол на 4168 и оди кон север по западната и северната граница на 4168, дел од западната и северната граница на 2746, линијата што ја сече 4043, до пресечната точка со северната граница на овој дел од Контактната зона.

Координати на границата на делот од Контактната зона (делот од Заштитеното подрачје – "Пеленица", с. Драчево, Скопје) кој влегува во предметниот опфат:

Границата на делот од Контактната зона на Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје, кој влегува во подрачјето на опфат на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје има вкупно 47 точки на прекршување, со нумерација од реден број 1 до реден број 47, при што точката 47 е идентична со точката 1.
На северната граница на овој дел од Контактната зона припаѓаат точките од реден број 1 до реден број 3 (нумерацијата е од запад кон исток). На источната граница на овој дел од Контактната зона припаѓаат точките од реден број 3 до реден број 16 (нумерацијата е од север кон југ). На јужната граница на овој дел од Контактната зона припаѓаат точките од реден број 16 до реден број 32 (нумерацијата е од исток кон запад). На западната граница на овој дел од Контактната зона припаѓаат точките од реден број 32 до реден број 47 односно реден број 1 (нумерацијата е од југ кон север).

Точките на прекршување на границата овој дел од Контактната зона ги имаат следните координати (X, Y):

точка 1 (7541572.585, 4641631.657), точка 2 (7541583.667, 4641635.295),
точка 3 (7541619.907, 4641656.253), точка 4 (7541645.180, 4641615.716),
точка 5 (7541655.788, 4641617.911), точка 6 (7541663.246, 4641606.557),
точка 7 (7541670.403, 4641592.057), точка 8 (7541677.455, 4641579.678),
точка 9 (7541690.621, 4641565.305), точка 10 (7541702.398, 4641552.450),
точка 11 (7541706.541, 4641556.081), точка 12 (7541709.272, 4641553.540),
точка 13 (7541712.692, 4641550.335), точка 14 (7541718.548, 4641544.605),
точка 15 (7541727.778, 4641531.932), точка 16 (7541733.530, 4641525.217),
точка 17 (7541684.923, 4641491.783), точка 18 (7541662.289, 4641474.876),
точка 19 (7541627.942, 4641454.338), точка 20 (7541599.231, 4641444.227),
точка 21 (7541591.333, 4641436.939), точка 22 (7541584.081, 4641427.361),
точка 23 (7541576.883, 4641414.932), точка 24 (7541572.650, 4641404.241),
точка 25 (7541569.994, 4641389.633), точка 26 (7541559.632, 4641389.492),
точка 27 (7541551.586, 4641387.137), точка 28 (7541547.586, 4641376.739),
точка 29 (7541547.599, 4641370.899), точка 30 (7541519.336, 4641380.406),
точка 31 (7541514.584, 4641394.161), точка 32 (7541512.254, 4641411.385),
точка 33 (7541521.823, 4641421.582), точка 34 (7541528.225, 4641427.895),
точка 35 (7541533.088, 4641444.443), точка 36 (7541539.447, 4641462.082),
точка 37 (7541535.128, 4641468.640), точка 38 (7541589.502, 4641454.632),
точка 39 (7541594.546, 4641485.076), точка 40 (7541615.029, 4641503.139),
точка 41 (7541609.637, 4641511.984), точка 42 (7541577.345, 4641573.699),
точка 43 (7541574.075, 4641578.008), точка 44 (7541565.866, 4641600.350),
точка 45 (7541571.444, 4641602.493), точка 46 (7541571.234, 4641614.355),
точка 47 (7541572.585, 4641631.657).

Катастарски парцели (КП) во границите на делот од Контактната зона

кој влегува во предметниот опфат:

Во границите на делот од Контактната зона на Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, во Скопје, кој влегува во подрачјето на опфат на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, се наоѓаат следните катастарски парцели кои припаѓаат на КО Драчево 2: дел од КП 2746, дел од КП 3526, дел од КП 4043, КП 4044, КП 4045, КП 4049, КП 4051, КП 4053, КП 4054, КП 4055, КП 4056, КП 4057, КП 4163, КП 4168.

Катастарски парцели (КП) со кои граничи делот од Контактната зона

(делот од Заштитеното подрачје – "Пеленица", с. Драчево, Скопје)

кој влегува во предметниот опфат:

Делот од Контактната зона на Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје, (делот од Заштитеното подрачје – "Пеленица", с. Драчево, Скопје) кој влегува во подрачјето на

опфат на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, граничи со следните катастарски парцели:

- *Север* – Дел од КП 4043, КП 4036 (КО Драчево 2).

- *Исток* – КП 4040, дел од КП 3806, КП 4041, КП 4047, КП 4048, КП 4050, КП 4052 (КО Драчево 2).

- *Југ* – КП 4164, КП 4165, дел од КП 2746, КП 4243, КП 4180, КП 4170 (КО Драчево 2).

- *Запад* – КП 38 (КО Долно Количани); КП 4046, КП 3526, дел од КП 4043.

Категорија на доброто:

За доброто се предлага категорија – *значајно културно наследство.*

Режим на заштита на доброто:

За доброто се предлага *режим на заштита од втор степен.*

Режим на заштита на Контактната зона:

За контактната зона се предлага *режим на заштита од трет степен.*

Образложение за ревалоризацијата:
Археолошкиот локалитет "Пеленица" во с. Драчево, Скопје, бил ставена под заштита како споменик на културата во 1969 година, со *Решение за утврдување на својство споменик на културата на Археолошкиот локалитет "Пеленица" во с. Драчево, Скопје* (бр. 122/76 од 01.09.1969 година), донесено од тогашниот Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје (сега НУ Конзерваторски центар – Скопје).

Се наоѓа на КП 4046 КО Драчево 2. На зарамнето плато, оддалечено на 3км југозападно од селото Драчево, има остатоци од римско утврдување чии одбранбени ѕидови го опкружуваат целото плато, големо околу 1,5 ха. Откриени се темели од повеќе градби меѓу кои и темели на две цркви – ротонди.

Според Ф. Масеснел, едната имала пречник повеќе од 10м. и под покриен со мозаик, организиран во повеќе правоаголни полиња. Од мотиви во полињата на мозаикот се присутни рибини лушпи, крстови, плетенки како бордури и раскошен кантарос од кој излегуваат бршленови ластари со лисја.

Според И. Микулчиќ, едната ротонда е всушност градба од профан карактер, односно вила рустика. На 20м јужно од ротондата се наоѓа базилика, ориентирана во правец ЗСЗ-ИЈИ, со големина 20х12м, потпрена на одбранбениот ѕид. Од неа се ископани камени украси: дел од импост, од ситнозрнест бел мермер и делови од два травертински столба со пречник од 0,32м. Со увидот на КП 4046 КО Драчево 2, површински се утврдени контури на ѕидови кои се наоѓаат под земја, остатоци од бедемски ѕид, растурени камења, како и делови од градежни елементи (столбови) расфрлани низ целиот простор. Археолошките остатоци од старохристијанските ротонди се напуштени, покриени со земја и шут што ги прави непрепознатливи на теренот. Остатоците од базилика кои ги опишува И. Микулчиќ во 1970 година, не се видливи на теренот.

На просторот на Археолошкото наоѓалиште "Пеленица" е изградена црквата Св. Преполовение – Руса среда, како и повеќе современи градби. Со овие современи градби најверојатно се уништени дел од археолошките остатоци. Во разговор со локалното население ни беше кажано дека при изведување подземна водоводна инсталација, во текот на градежниот ископ било наидено на sид кој неможеле да го пробијат и заради тоа целата инсталација била дислоцирана. Увид беше направен и на парцелите околу КП 4046. Најголема концентрација на археолошки остатоци (камења, тули и фрагменти керамика) беше забележана на западната падина под платото на "Пеленица". На тој простор површински беа видливи остатоци од sид, за кој може да се претпостави дека е дел од втор бедемски sид. На просторот источно од Пеленица површински наоди скоро и да немаше.

Со ревалоризација на Споменикот на културата – Археолошки локалитет "Пеленица" во с. Драчево, Скопје се предлага потврдување на неговиот заштитен статус и прецизно дефинирање на клучните елементи на неговата споменичкоправна идентидикација – потврдување на границите, категоризација, определување Контактна зона и режим на заштита.

9.2.3 КАТЕГОРИЗАЦИЈА

9.2.3.1 Категоризација според значењето на добрата

Во подрачјето на опфат на овие Заштитно-конзерваторски основи за Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, категоризацијата според значењето на добрата во смисла на член 10 и член 28 од Правилникот за содржината и методологијата за изработка на Заштитно-конзерваторските основи за културното наследство, се однесува на Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје.

Доброто се категоризира како ***значајно културно наследство***.

Категоризацијата според значењето е прикажана во графичкиот прилог: ***Лист 10 – Категоризација според значењето на добрата од*** Заштитно-конзерваторските основи за недвижното културно наследство, основи за подрачје на опфат на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје (бр. 08-552/14 од 30.08.2019год.).

9.2.3.2 Категоризација според загрозеност на добрата

Во подрачјето на опфат на овие Заштитно-конзерваторски основи за Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, категоризацијата според загрозеност во смисла на член 10 и член 28 од Правилникот за содржината и методологијата за изработка на Заштитно-конзерваторските основи за културното наследство, се однесува на Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје.

Доброто се категоризира како ***културно наследство во опасност***.

Категоризацијата според загрозеност е прикажана во графичкиот прилог: ***Лист 11 – Категоризација според загрозеност на добрата од*** Заштитно-конзерваторските основи за недвижното културно

наследство, основи за подрачје на опфат на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје (бр. 08-552/14 од 30.08.2019год.).

9.2.4 РЕЖИМ НА ЗАШТИТА

9.2.4.1 Зони на заштита

Во подрачјето на опфат на овие Заштитно-конзерваторски основи за Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, се наоѓаат:

- ***Зона на ограничена заштита (гарантирана заштита)***;

- ***Зона без дејство на заштита***.

Зоната на ограничена заштита (гарантирана заштита) се однесува на просторот во границите на:

- *Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје*;

- *нејзината Контактна зони*.

Зоната без дејство на заштита се однесува на целиот простор во границите на сите делови со измени во однос на Општиот акт за село Драчево донесен во 2014 година, освен мал дел од Делот 10 со измени кој го зафаќа Археолошкото наоѓалиште "Белчевица", с. Драчево, Скопје.

Зоните на заштита прикажани се во графичкиот прилог: ***Лист 12 – Зони на заштита од*** Заштитно-конзерваторските основи за недвижното културно наследство, основи за подрачје на опфат на Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје (бр. 08-552/14 од 30.08.2019год.).

9.2.4.2 Степени на заштита

Режимот на заштита од кој било степен подразбира општи и посебни забрани, како и превентивни и корективни мерки што претставуваат дозволени интервенции, односно дејства на посегање во интегритетот кои можат да се преземаат врз односното добро и неговото заштитено подрачје, во согласност со закон и актот за заштита.

За зоните на заштита во подрачјето на опфат на овие Заштитно-конзерваторски основи за Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, се предвидуваат следните степени на режимот на заштита:

Режим на заштита од втор степен, за зоната на ограничена заштита (гарантирана заштита) во границите на ***Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје***.

Режимот за заштита од втор степен за недвижното значајно културно наследство, во смисла на член 54-а став 3 точка 1 од Законот за заштита на културното наследство и член 22 став 7 алинеи 1, 2 и 3 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство, подразбира:

- адаптација на ентериерот, конзервација и реставрација на доброто;
- парцијални реконструктивни зафати, ревитализација и уредување на просторот на заштитеното добро и неговата непосредна околина, по исклучок доградба и надградба на добрата, со цел да се овозможи нивен одржлив развој, без деградирање на утврдените вредности и културно- историското значење на доброто и доколку истото е во согласност со мерките на заштита на предметното добро;
- архитектонско и/или партерно обликување на празните простори и локации под посебни услови.

Режимот на заштита од втор степен за Споменичката целина "Пеленица", с Драчево, Скопје подразбира:

- забрана за градење нови објекти во дворното место;
- забрана за легализација на постојните бесправни градби;
- забрана за подигање меморијални споменици и спомен-обележја во границите на доброто што не се поврзани со историјата на доброто;
- забрана за поставување рекламни паноа, антенски и слични инталации и опрема, плакати, натписи и какви било други ознаки, со исклучок на тие предвидени со прописите за заштита на културното наследство или со други прописи;
- задржување на постојната форма и големина на парцелата (катастарска и градежна) на која се наоѓа доброто;
- спречување на појави, влијанија и дејства со кои се врши или може да настане оштетување, уништување или нарушување на доброто;
- археолошки истражувања на целата површина од доброто;
- одржливо користење на доброто;
- редовно одржување и преземање мерки на непосредна заштита по потреба, според конзерваторски проект.

Режим на заштита од трет степен, за зоната на ограничена заштита (гарантирана заштита) во границите на ***Контактната зана*** на ***Споменичката целина "Пеленица", с. Драчево, Скопје***.

Режимот за заштита од трет степен за контактните зони, во смисла на член 54-а став 4 од Законот за заштита на културното наследство и член 22 став 7 алинеи 1, 2 и 3 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство, подразбира:

- контрола на габаритите и висините на објектите во оние простори на Контактната зона каде што се утврдува дека со несоодветни интервенции од наведениот вид би се нарушиле визурите на заштитеното добро и би се попречила достапноста до доброто;
- контрола на уличната мрежа и друга урбана инфраструктура на оние простори на кои со несоодветно планирање од наведениот вид би се попречило соодветното функционирање на заштитеното добро.

Режимот на заштита од трет степен за ***Контактната зона*** подразбира можност за изградба на објекти и инфраструктура со задолжителни претходни археолошки истражувања. Пред издавањето на документацијата за изградба на објекти, инвеститорот е должен да обезбеди финансиски средства за задолжителни заштитни археолошки истражувања. Доколку со истражувањата се дојде до сознанија дека постојат значајни остатоци од градби, дополнително ќе бидат пропишани и други услови кои можат да вклучат и забрана за градење.

9.2.5 ПОСЕБНИ МЕРКИ НА ЗАШТИТА

Посебните мерки на заштита во подрачјето на опфат на овие Заштитно-конзерваторски основи за Измена и дополна на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода, Скопје, се однесуваат на просторот во границите на:

- ***Археолошкото наоѓалиште "Белчевица", с. Драчево, Скопје***
- Целата останата површина на подрачјето на опфат, надвор од Заштитеното подрачје "Пеленица", с. Драчево, Скопје и деловите со измени во однос на Општиот акт за село Драчево од 2014 година.

Посебните мерки на заштита во границите на Археолошкото наоѓалиште "Белчевица", с. Драчево, Скопје, подразбираат:

- при издавањето на документацијата за доградба на постојни објекти или изградба на нови објекти, инвеститорот да обезбеди финансиски средства за задолжителен археолошки надзор;
- доколку се откријат значајни остатоци од градби, дополнително ќе бидат пропишани и други услови кои можат да вклучат и забрана за градење.

Посебните мерки на заштита за целата останата површина на подрачјето на опфат, надвор од Заштитеното подрачје "Пеленица", с. Драчево, Скопје и деловите со измени во однос на Општиот акт за село Драчево од 2014 година, подразбираат забрана за било каква градба и забрана за легализација на бесправно изградени објекти, до изработката на Заштитно-конзерваторски основи за Урбанистички план за село Драчево, со кои треба да биде дефинирано целокупното културно наследство во опфатот на планот (кој е ист со опфатот на Општиот акт за село Драчево). Постапката за изработка на планот е во тек така што во догледно време ќе бидат изработени и основите. Оваа посебна мерка има за цел да се спречи евентуално оштетување на културното наследство (археолошки наоѓалишта), бидејќи во Општиот акт за село Драчево не се вградени мерки на заштита.








43
42
41
40
ЗАПАДЕН ДЕЛ
47





СООБРАЌАЈНИ ПРОФИЛИ

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Дел од блок Државно Завод-б
за урбан дел 39 и 47
населба Дрвочево

општина КИСЕЛА ВОДА
СКОПЈЕ М = 1 : 1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2007-2012







СООБРАЌАЈНА И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН











8. КОНФЛІКТНА ІНФРАСТРУКТУРА

8.1. [illegible]

[illegible]

- [illegible]
- [illegible]
- [illegible]
- [illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]


[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]



[illegible]

[illegible]

[illegible]



































УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури за индустриска улица од крстосница на ул.Славка Динкова со ул. Јустинијан I (ГУП на град Скопје 2012) до крстосница со улица на КП11264 КО Драчево 2 (Општ акт за с.Драчево), Општина Кисела Вода


ПРОЕКТЕН ОПФАТ = 9651 m2

ПЛАНСКИ ДЕЛ — 1 : 2000


ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0023
	УПРАВИТЕЛ: СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл
ДОНОСИТЕЛ	ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094
	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл
ПРИЛОГ:	ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ СО ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ОД ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ТЕХ. БРОЈ	0801-02-05/24
ДАТУМ	03.2025
ЛИСТ	1



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури за индустриска улица од крстосница на ул.Славка Динкова со ул. Јустинијан I (ГУП на град Скопје 2012) до крстосница со улица на КП11264 КО Драчево 2 (Општ акт за с.Драчево), Општина Кисела Вода


ПРОЕКТЕН ОПФАТ = 9651 m2

ПЛАНСКИ ДЕЛ — 1 : 1000

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ


ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0023	УПРАВИТЕЛ: СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл
ДОНОСИТЕЛ	ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА	
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл
ПРИЛОГ:	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	
ТЕХ. БРОЈ	0801-02-05/24	ДАТУМ 03.2025 — ЛИСТ 2

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ-постојна состојба		ПОВРШИНА	
		м²	УДЕЛ ВО ПРОЕКТЕН ОПФАТ
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура (планиран профил на собирна улица согласно ГУП)	7237	75.0%
	НЕИЗГРАДЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ	2414	25.0%
	ВКУПНО (ПРОЕКТЕН ОПФАТ)	**9651**	**100%**

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ-планирана состојба согласно УП		ПОВРШИНА	
		м²	УДЕЛ ВО ПРОЕКТЕН ОПФАТ
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура	9651	100.0%
	ВКУПНО (ПРОЕКТЕН ОПФАТ)	**9651**	**100%**



Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури за индустриска улица од крстосница на ул.Славка Динкова со ул. Јустинијан I (ГУП на град Скопје 2012) до крстосница со улица на КП11264 КО Драчево 2 (Општ акт за с.Драчево), Општина Кисела Вода

ПРОЕКТЕН ОПФАТ = 9651 m2

ПЛАНСКИ ДЕЛ

1 : 1000


ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА ГУП 2012 И РП ЗА ЧЕТВРТ Ј18


НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ:

- Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ
- ПЛАНИРАН КОЛОВОЗ
- ПОСТОЕЧКИ КОЛОВОЗ
- ПЛАНИРАН ТРОТОАР (ДО РЛ)
- ПЛАНИРАНА СООБРАЌАЈНИЦА СО УП
- ПЛАНИРАНА СООБРАЌАЈНИЦА СО ГУП, РП
- ПОСТОЕЧКА СООБРАЌАЈНИЦА

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0023	УПРАВИТЕЛ: СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дии
ДОНОСИТЕЛ	ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА	
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дии ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дии АНДРИЈАН ИВАНОВ дии
ПРИЛОГ:	УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ -УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ	
ТЕХ. БРОЈ	0801-02-05/24	ДАТУМ 04.2025 ЛИСТ 5.1



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури за индустриска улица од крстосница на ул.Славка Динкова со ул. Јустинијан I (ГУП на град Скопје 2012) до крстосница со улица на КП11264 КО Драчево 2 (Општ акт за с.Драчево), Општина Кисела Вода


ПРОЕКТЕН ОПФАТ = 9651 m2

ПЛАНСКИ ДЕЛ — 1 : 1000


ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- РД — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА ГУП 2012 И РП ЗА ЧЕТВРТ Ј18
- НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ:
- Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ
- ПЛАНИРАН КОЛОВОЗ
- ПОСТОЕЧКИ КОЛОВОЗ
- ПЛАНИРАН ТРОТОАР (ДО РЛ)
- ПЛАНИРАНА СООБРАЌАЈНИЦА СО УП
- ПЛАНИРАНА СООБРАЌАЈНИЦА СО ГУП, РП
- ПОСТОЕЧКА СООБРАЌАЈНИЦА
- 247.30 — НИВЕЛАЦИСКИ ТОЧКИ СОГЛАСНО ГУП И ПОСТ.СОСТОЈБА
- 247.78 — ВНАТРЕШНИ НИВЕЛАЦИСКИ ТОЧКИ СОГЛАСНО УП
- 0.95% l=179.3m — ПЛАНИРАН ПАД НА УЛИЦА
- ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ВО БЕЛА БОЈА

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0023	УПРАВИТЕЛ: СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА диа	
ДОНОСИТЕЛ	ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА диа АНДРИЈАН ИВАНОВ диа	
ПРИЛОГ:	УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ- ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ НА СООБРАЌАЈ СО НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ		
ТЕХ. БРОЈ	0801-02-05/24	ДАТУМ 04.2025	ЛИСТ 5.2



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури за индустриска улица од крстосница на ул.Славка Динкова со ул. Јустинијан I (ГУП на град Скопје 2012) до крстосница со улица на КП11264 КО Драчево 2 (Општ акт за с.Драчево), Општина Кисела Вода

ПРОЕКТЕН ОПФАТ = 9651 m2

ПЛАНСКИ ДЕЛ — 1 : 1000

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- РД — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА ГУП 2012 И РП ЗА ЧЕТВРТ Ј18
- НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ:
- Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ
- ПЛАНИРАН КОЛОВОЗ
- ПОСТОЕЧКИ КОЛОВОЗ
- ПЛАНИРАН ТРОТОАР (ДО РЛ)
- ПЛАНИРАНА СООБРАЌАЈНИЦА СО УП
- ПЛАНИРАНА СООБРАЌАЈНИЦА СО ГУП, РП
- ПОСТОЕЧКА СООБРАЌАЈНИЦА

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

- 110kV ПОСТОЕЧКИ НАДЗЕМЕН ВОД (ЗАШТИТЕН ПОЈАС 10м ОД СЕКОЈА СТРАНА)
- 10(20)kV ПОСТОЕЧКИ ПОДЗЕМЕН ВОД (ЗАШТИТЕН ПОЈАС 1м ОД СЕКОЈА СТРАНА)
- 0.4kV ПОСТОЕЧКИ ПОДЗЕМЕН ВОД
- 10(20)kV ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА
- УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ (столб со светилка / нн кабел


ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

- ОПТИЧКИ КАБЛИ


ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

- ПОСТОЕЧКИ ВОДОВОД
- ПЛАНИРАН ВОДОВОД
- ПОСТОЕЧКА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- постоечка шахта

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0023	УПРАВИТЕЛ: СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл
ДОНОСИТЕЛ	ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА	
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл
ПРИЛОГ:	УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ-ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ ЗА СИТЕ ВОДОВИ И ГРАДБИ НА ИНФРАСТРУКТУРА	
ТЕХ. БРОЈ	0801-02-05/24	ДАТУМ 04.2025 — ЛИСТ 5.3



Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат

ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН I (ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ 2012)
пресек 1.1

пресек 1.2

пресек 1.3

ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 1
пресек 2

ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА УЛ. СЛАВКА ДИНКОВА (С2) СОГЛАСНО РП НА ГУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј18
пресек 3

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури за индустриска улица од крстосница на ул.Славка Динкова со ул. Јустинијан I (ГУП на град Скопје 2012) до крстосница со улица на КП11264 КО Драчево 2 (Општ акт за с.Драчево), Општина Кисела Вода

ПРОЕКТЕН ОПФАТ = 9651 m2

ПЛАНСКИ ДЕЛ — 1 : 1000

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА ГУП 2012 И РП ЗА ЧЕТВРТ Ј18
- НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ:
- Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ
- ПЛАНИРАН КОЛОВОЗ
- ПОСТОЕЧКИ КОЛОВОЗ
- ПЛАНИРАН ТРОТОАР (ДО Р/Л)
- ПЛАНИРАНА СООБРАЌАЈНИЦА СО УП
- ПЛАНИРАНА СООБРАЌАЈНИЦА СО ГУП, РП
- ПОСТОЕЧКА СООБРАЌАЈНИЦА
- НИВЕЛАЦИСКИ ТОЧКИ СОГЛАСНО ГУП И ПОСТ.СОСТОЈБА
- ВНАТРЕШНИ НИВЕЛАЦИСКИ ТОЧКИ СОГЛАСНО УП
- ПЛАНИРАН ПАД НА УЛИЦА
- ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ВО БЕЛА БОЈА

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

- 110kV ПОСТОЕЧКИ НАДЗЕМЕН ВОД (ЗАШТИТЕН ПОЈАС 10м ОД СЕКОЈА СТРАНА)
- 10(20)kV ПОСТОЕЧКИ ПОДЗЕМЕН ВОД (ЗАШТИТЕН ПОЈАС 1м ОД СЕКОЈА СТРАНА)
- 0.4kV ПОСТОЕЧКИ ПОДЗЕМЕН ВОД
- 10(20)kV ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА
- УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ (столб со светилка / нн кабел


ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

- ОПТИЧКИ КАБЛИ

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

- ПОСТОЕЧКИ ВОДОВОД
- ПЛАНИРАН ВОДОВОД
- ПОСТОЕЧКА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- постоечка шахта

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0023	УПРАВИТЕЛ: СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл
ДОНОСИТЕЛ	ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА	
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ГАТА дипл АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл


ПРИЛОГ: УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ -СИНТЕЗНО РЕШЕНИЕ

ТЕХ. БРОЈ	ДАТУМ		ЛИСТ
0801-02-05/24	04.2025		5.4

ИДЕЈНИ ПРОЕКТИ

ИНВЕСТИТОР: ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ

ИДЕЕН ПРОЕКТ
ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ



ПРОЕКТИРАЊЕ: ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГР[illegible] Скопје

ИНЖЕНЕРСКА ОБЛАСТ: ГРАДЕЖЕ[illegible] "Г"

МЕСТО НА ИЗВЕДБА: ГРАД СК[illegible]

Slagjan Stojanovski
Digitally signed by Slagjan Stojanovski
Date: 2025.02.19 09:21:56 +01'00'

ANGELKA RISTESKA
Digitally signed by ANGELKA RISTESKA
Date: 2025.02.19 09:22:18 +01'00'

Технички бр.Г_875/2024
Скопје, Декември, 2024 г

НАЗИВ НА ПРОЕКТ:	ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ
ИНЖЕНЕРСКА ОБЛАСТ:	ГРАДЕЖЕН ПРОЕКТ, “Г“ - II КАТЕГОРИЈА
ВИД НА ПРОЕКТ:	ИДЕЕН ПРОЕКТ
ИНВЕСТИТОР:	ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
ПРОЕКТАНТ:	ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО СКОПЈЕ бул. Киро Глигоров бр.4, 1000 Скопје ЕДБ 4043011508907
ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	Г_875/2024
МЕСТО И ДАТА:	СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ, 2024 година

СОДРЖИНА

I. ОПШТ ДЕЛ:

- ДОКУМЕНТ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ
- ЛИЦЕНЦА "Б" ЗА ФИРМА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД II КАТЕГОРИЈА
- РЕШЕНИЕ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ
- ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

II. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

- ТЕХНИЧКИ ОПИС
- ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ
- ПРЕДМЕР

III. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

- Цртеж бр. 00 – Сообраќајно решение
- Цртеж бр. 01 – Прегледна карта
- Цртеж бр. 02 – Карактеристичен напречен профил
- Цртеж бр. 04 – Ситуација со хоризонтално решение
- Цртеж бр. 05 – Надолжен профил
- Цртеж бр. 06 – Попречни профили

I. ОПШТ ДЕЛ

Број: 0809-50/1501202400020073

Датум и време 8.8.2024 г. 13:28

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6717918
Назив:	Друштво за градежништво,трговија и услуги ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО увоз-извоз Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР КИРО ГЛИГОРОВ бр.4 СКОПЈЕ - ГАЗИ БАБА, ГАЗИ БАБА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија издадена под број П.504/А од 13.09.2022 год. со важност до 13.09.2029 год. од Министерство за транспорт и врски.

Правна [illegible] на овој реален акт [illegible] ви приговор до [illegible]нтралниот регистар на Републ[illegible] Македонија во [illegible] от на [illegible]

И[illegible]

[illegible]но лице:

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18,и „Службен весник на Република Северна Македонија" 244/19, 18/20 и 279/20), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

на

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО увоз-извоз Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

БУЛЕВАР КИРО ГЛИГОРОВ бр.4 СКОПЈЕ - ГАЗИ БАБА, ГАЗИ БАБА
ЕМБС: 6717918

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 13.09.2029 година

Број П.504/А
13.09.2022 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварески

Врз основа на член 15 и 18 од Законот за Градење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), го донесувам следното:

РЕШЕНИЕ

Проектантот ***Ангелка Ристеска,*** *дипл.град.инж. соовластување "А" бр. 2.0511* за изработка на проектна документација од Градежништвото, се одредува за ***одговорен проектант*** при изработка на:

ИДЕЕН ПРОЕКТ
ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Ангелка Ристеска се одредува за одговорен проектант, бидејќи ги исполнува условите од Законот за Градење.

Управител:
М-р Слаѓан Стојановски д.г.и

_____

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 277/2022 и 111/2023), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

АНГЕЛКА РИСТЕСКА

дипломиран градежен инженер (NQF VII$_1$)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 15.02.2029 год.

Број: 2.0511

Издадено на: 16.02.2024 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М
инж.

Во изработката на техничката документација за изработка на

ИДЕЕН ПРОЕКТ
ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ

учествуваше:

Одговорен Проектант:

- ***Ангелка Ристеска,*** *дипл.град.инж со овластување "А" бр. 2.0511*

II. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ТЕХНИЧКИ ОПИС

ИДЕЕН ПРОЕСКТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 1 СО РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН 1 ВО НАСЕЛБА ДРАЧЕВО

Вовед

Со оваа техничка документација се разработува усвоеното решение од Урбанистичкиот проект за изградба на нова пристапна улица кон објектот на ЛИДЛ во населба Драчево.

Како Инвеститор на Основниот проект се јавува ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, а Проектант е Еуророад Дизајн груп.



Слика бр.1 – Прегледна карта

Постоечка состојба

Пристапната улица , која според Урбанистичкиот проект се одвојува од постоеската улица Јустинијан 1, моментално не е изградена и се протега низ земјани површини.Главната улица Драчевска, сега Јустинијан 1, е постоечка улица со ширина

www.euroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

од 7м по која циркулира двонасочен сообраќај. Новопредвидената индустриска улица 1 , според планот, оформува раскрсница со постоечката улица Јустинијан 1 и поради тоа истата ќе претрпи одредени градежни промени.

ТИПИЧЕН (НОРМАЛЕН) НАПРЕЧЕН ПРЕСЕК

Типичниот напречен пресек на коловозот за пристапната улица е прикажен во графичкиот дел.

Меродавна категорија по техничка група С мешовит сообраќајсо ПГДС од 1001-3000 воз/ден.

По сообраќајно оптеретување 5 категорија на пат. Фактор на н-тичас ФНЧ е земен од 8-10 % од ПГДС.

Деталите за типичните напречни пресеци, се дадени во соодветните цртежи:

За изградба на новопланираната индустриска улица 1 потребно е да се постигнат следниве технички параметри со цел да се одвива безбеден сообраќај при влез/излез до објектот. Имено, поради поголема циркулација на тешки товарни возила се јавува потреба од постигнување на следниве параметри кои се во рамките на актуелните прописи за проектирање:

- Ширина на коловозна лента 2x3.5м
- Ширина на тротоари 2x2.5м

СИТУАЦИОНО РЕШЕНИЕ

Хоризонталните елементи на новопланираната индустриска улица се исти како и во урбанистичкиот проект и се во рамките на важечките нормативи и стандарди на проектирање при изградба на сообраќајници од овој ранг.

Предметната улица започнува од км 0+000,00со спој на постиечки земјан пат и завршува оформувајчи раскрсница со постоечката улица Јустинијан 1 на км 0+198.. За проектната брзина V=30 км/час и меродавно возило ТТВ, ширината на коловозот на пристапниот пат изнесува 2x3.50м, и тротоари од двете страни со ширина од по 2.50м.

Хоризонталното решение на пристапниот пат со котирана проекција е презентиран во ситуацијата со хоризонтално решение изработена во размерМ= 1:500

НАДОЛЖНО РЕШЕНИЕ

Надолжниот профил е воден според нивелманот на Урбанистичкиот проект и според АУП на објектот, даден од Проектантите на објектот. Подолжниот наклон на улицата е 0.3%, доволен да обезбеди одводнување и самоиот наклон е во

www.euroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

правец кон улицата Јустинијан 1. Водено е сметка да нивелетата висински се вклопува со партерното решение од самиот објект.

Радиусите на вертикалните кривини се 1000 и 2000м и при тоа целата нивелета е во насип. Соодветно на тоа извршено е витоперење на коловозот на новопланираната улица околу оска со попречен наклон од 2.5%.

Напречниот наклон на улицата е едностран , овозможувајќи влез кон паркингот – објектот.

Во графичките прилози е даден надолжен профил во М 1:1000/100.

ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ

За предметната траса се проектирани попречни профили со сите потребни информации за понатамошно користење при изведба на објекотот во М 1:100 на ниво на овој проект истите дадени во графичкиот дел од проектот.

КОЛОВОЗНА КОНСТРУКЦИЈА

На предметната улица е применет следниот тип на коловозна конструкција:

- Абечки слој АБ 16с……5см
- БНС 22сА……7см
- Тампон од дробен камен……30см

ОДВОДНУВАЊЕ

Одводнувањето на предметната улица е решено со примена на надолжни и попречни падови. Подолжниот наклон од предметната улица е насочен кон улицата Јустинијан 1, што значи дека водите од улицата ќе бидат прифатени во сливниците од улицата Јустинијан 1.

Приказ на технологија на изработка и квалитет на материјалите кои ќе се применат при изработката на патот.

Во продолжение се дадени параметрите кои ќе треба да ги задоволат материјалите кои ќе се вградуваат.

- Асфалт-бетонскиотслој, кој е предвиден во склоп на коловозната конструкција ќе биде од типот АБ 16 ,при што квалитетот на материјалите од кои ќе се изработува асфалтната маса, како и квалитетот на произведениот асфалтен слој треба да одговараат на критериумите пропишани со МКС EN 13108.
- Битуменизиран носив слој, кој е предвиден кај реконструкција на коловозната конструкција ќе биде од типот БНС 22А ,при што квалитетот на материјалите од

кои ќе се изработува асфалтната маса, како и квалитетот на произведениот асфалтен слој треба да одговараат на критериумите пропишани со МКС У.Е4. 014;

- Генерално, начинот и постапката на изработување на долниот и горниот строј, треба да биде во согласност со: ***"Технички услови за изградба на магистралните и регионалните патни правци во Р.Северна Македонија"***– издадена од страна на ЈПДП.
- Техничка контрола и надзор на изведување на работите согласно пропишаните законски одредби, прописи и стандарди за ваков вид работи.
- Инвеститорот и изведувачот да обезбедат контролна и тековна лабораторија за контрола во текот на градење. Лабораторијата да ги опфати следните теренски и лабораториски контроли на секои 1000m^2:

  - модул на стисливост (теренски опит)

  - ЦБР калифорниски индекс на носивост (лабораториски)

  - класификациони испитувања (лабораториски)

  - збиеност по Проктор(лабораториски)

  - Контрола на физичко механички карактеристики на асфалт (Маршал, Екстракција на битумен од финишер во тек на изградба, и други карактеристики за асфалт).

МЕРКИ НА СИГУРНОСТИ ТЕХНИЧКА ЗАШТИТА

Во продолжение ќе бидат опфатени потребните мерки на сигурност и техничка заштита.

- Да се почитуваат и применуваат сите законски прописи и одредби при работа на ваков вид работи, како и посебно напишаните од работодавачот;
- Да се запазуваат сите потребни барања и услови кои се составен дел од овој проект, во делот на стандардите, нормативите и законските одредби за изведување на ваков вид работи;
- Да се проверуваат геодетски наклоните на сообраќајницата;
- Да се води сметка и евиденција за личната заштита што треба да ја користат вработените при изведувањето на потребните активности, согласно пропишаните законски одредби и нормативи;
- При транспортот, сите учесници се должни да користат лични заштитни средства;
- Да се врши тековно одржување и чистење на сообраќајницата;
- Да се почитуваат максимално дозволените брзини на движење.

Генерално, се препорачува придржување до сите останати пропишани законски одредби и правилници (Закон за безбедност и здравје при работа Службен

Весник на РСМ бр. 92/2007, како и останатите Закони и Правилници) кои се поврзани со ваков вид работи и активности.

КОНСТАТАЦИИ, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Врз основа на целокупно изработеното во Проектот, може да се изнесат следните констатации, заклучоци и препораки:

- Доколку на локацијата предвидена за рекоснтрукција се предвидени градежни зафати и врз други подземни инсталациони мрежи, препорака од страна на Проектантот е да истите бидат усогласени за паралелна изведба, со што не бидошло до прекопување на ново изведената коловозна конструкција;
- После изведбата (асфалтирањето на коловозната конструкција), треба да се има во предвид периодот од минимум 24 часа во кој несмее да се одвива тежок сообраќај по отварањето на тампонот и ставањето на асфалтниот слој БНС , а пожелно е да се врши контрола на вградениот асфалт дали температурата на истиот по длабина е рамномерна и помалаод 20°C, па после тоа да се одвива сообраќај со тешко оптоварување;
- Се препорачува тековно одржување на сообраќајницата и чистење на елементите за одводнување, со што се обезбедува поголема трајност и функционалност;
- Воедно се препорачува тековна годишна контрола за состојбата на асфалтната улица и придружните објекти, со водење на архивски проект, почнувајќи од периодот кога ќе бидат изведени (после изработката на Проектот на изведена состојба);
- При изведбата н аулицата, како и потоа во експлоатациониот период, се препорачува придржување до сите пропишани законски одредби и правилници (Закон за Градење, Закон за јавните патишта, Закон за заштита при работа, како и останатите Закони и Правилници) кои се поврзани со ваков вид работи и активности.

Изработила:

Ангелка Ристескадипл.град.инж


ПРЕДМЕР

ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА
Идеен проект за изградба на новопланирана индустриска 1 и раскрсница со ул Јустинијан први во Скопје-тех бр. Г_875/2024

р.бр.	позиција	ед. мера	количина	ед.цена	вкупно чинење
	1. ПРИПРЕМНИ РАБОТИ				
1	Обележување и осигурување на трасата	m^1	403.00	50	20,150
2	Расчистување на трасата од шибје, дрва и корени	m^1	180	300	54,000
3	Рушење на постоечки рабник со утовар и транспорт на материјал до депонија на растојание од 10км.	m^1	337	150	50,550
4	Рушење на постоечка асфалтна конструкција со утовар и транспорт на материјал до депонија на одредено растојание од 10км обезбедена од Инвеститорот.	m2	1,495	300	448,500
5	Нивелирање на постоечки шахти,рушење на постоечки асфалт и бетон со демонтажа на постоечки поклопец и одвоз на шутот до депонија.(заштита на окното од полнење на тврди предмети и шут)Порамнување со тампон и набивање со жаба околу шахтата до потребна збиеност.Набавка транспорт и вградување на бетон М.Б 30 за бетонирање на плочи два слоја по 15 см.со употреба на адетиви за брзо врзување на бетонот ,армирани со RA400/500-2 со потребни дистанцери од CBR 400/500 f 8 4 br 1/m2.	ком.	4	6,000	24,000
	вкупно:				**597,200**
	2. ДОЛЕН СТРОЈ				
1	Машински ископ на хумус со дебелина од 90см со утовар и транспорт до депонија до 10км	m^3	2,908.0	200	**581,600**
2	Машински ископ на земјен материјал со утовар и транспорт до депонија до 10км	m^3	61.0	350	**21,350**
3	Изработка на насип од земјан материјал	m^3	4,304.0	500	**2,152,000**
4	Планирање, валирање н машинско збивање на постелица со модул на стисливост Мс=50 Мра	m^2	1,600.0	40	**64,000**
5	Изработка на подтло со планирање, валирање н машинско збивање со модул на стисливост Мс=50 Мра	m^2	2,760.0	100	**276,000**
	вкупно:				**3,094,950**

	3. ГОРЕН СТРОЈ				
1	Набавка, транспорт и вградување на абечки асфалтбетонски слој АБ 16 s согласно МКС или аналогно АС 16 согласно EN 13108-1 дебелина од 6см, физичко-механичките и реолошките карактеристики се дадени во прилог на овој проект во делот на технички услови.	m^2	3,400	900	3,060,000
2	Набавка, транспорт и вградување на врзнобитуменизиран слој БНС 22 sA или аналагоно АС 22bin согласно EN 13108-1 дебелина од 8см, физичко-механичките и реолошките карактеристики се дадени во прилог на овој проект во делот на технички услови.	m^2	3,400	1,100	3,740,000
3	Набавка транспорт и вградување на тампонски слој од дробен камен за коловоз и тротоари со дебелина од д= 35 (20)см.	m^3	1,308	1,300	1,700,400
4	Набавка транспорт и вградување на бехатон плочи со д=6см за пешачка патека..	m^2	678	600	406,800
5	Набавка транспорт и вградување на подлога од ситен песок под бехатоните со дебелина од д=5см.	m^3	34	1,200	40,800
6	Набавка транспорт и вградување на бетонски рабник 18/24 МБ 40 согласно МКС ЕН 1340 или еквивалентно, на бетонска подлога МБ 25 со фугирање .	m^1	734	1,000	734,000
7	Набавка транспорт и вградување на бетонски рабник 8/15 МБ 40 согласно МКС ЕН 1340 или еквивалентно, на бетонска подлога МБ 25 со фугирање .	m^1	412	1,000	412,000
	вкупно:				**10,094,000**
	РЕКАПИТУЛАЦИЈА				
	1. ПРИПРЕМНИ РАБОТИ				597,200
	2. ДОЛЕН СТРОЈ				3,094,950
	3. ГОРЕН СТРОЈ				10,094,000
	ВКУПНО	ден.			**13,786,150**
		ддв 18%			2,481,507
		вкупно			**16,267,657**
		евра			264,515
	* цените се проектантски ,евенутални пазарни промени не се предмет на овој проект				
	* експропријацијата не е предмет на работа на овој проект				
	* дополнителни количини да се регулираат со градежна книга				
		изработил: Ангелка Ристеска дипл.град.инж			

III. ГРАФИЧКИ ДЕЛ



РЕВИЗИЈА ЗАБЕЛЕШКИ

ДАТА

М.П.

ИНВЕСТИТОР:

ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ

ПРОЕКТ:

ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ

ЦРТЕЖ:

СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЈЕ

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:

АНГЕЛКА РИСТЕСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.

БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ А 2.0511

СОРАБОТНИЦИ:


ТЕХНИЧКИ БРОЈ: Г_875/2024	БРОЈ НА ЛИСТ: 00
ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖЕН	ВКУПНО ЛИСТОВИ: 05
ФОРМАТ: А3(297mm–580mm)	РАЗМЕР: 1:1000

ДАТУМ, МЕСТО:

ДЕКЕМВРИ,2024



	СОРАБОТНИЦИ:
ИНВЕСТИТОР: ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ	
ПРОЕКТ: ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: Г_875/2024 БРОЈ НА ЛИСТ: 01 ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖЕН ВКУПНО ЛИСТОВИ: 05
ЦРТЕЖ: ПРЕГЛЕДНА КАРТА	ФОРМАТ: A4(297mm–210mm) РАЗМЕР: ДАТУМ, МЕСТО: ДЕКЕМВРИ,2024
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ: АНЃЕЛКА РИСТЕСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ. БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ А 2.0511	РЕВИЗИЈА ДАТА ЗАБЕЛЕШКИ



[redacted]

ИНВЕСТИТОР:
ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ

ЦРТЕЖ:
КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АНЃЕЛКА РИСТЕСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.
БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ А 2.0511

СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: Г_875/2024

БРОЈ НА ЛИСТ: 02

ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖЕН

ВКУПНО ЛИСТОВИ: 05


ФОРМАТ: A4(297mm–395mm)

РАЗМЕР:


ДАТУМ, МЕСТО: ДЕКЕМВРИ,2024

РЕВИЗИЈА ЗАБЕЛЕШКИ

ДАТА



ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 1
ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 2
ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 3
ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 4
ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 5
ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 6
ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 7
ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 8
ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 9
ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 10
ПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА

MJERILO 1:1000/100




OZNAKE PROFILA		1		30.010	2	25.380	3	26.800	4	31.080	5	27.510	6	21.470	7	14.230	8	11.120	9	10.500	10
STACIONAŽE		0.00			30.01		55.39		82.19	0.1	113.27		140.78		162.25		176.48		187.60		198.10
KOTE TERENA		249.100			245.879		245.693		245.729		245.717		245.807		245.973		247.226		246.562		245.614
KOTE LIJEVOG RUBA	TRAK_L1	248.925			248.175		247.687		247.508		247.415		247.332		247.268		247.151		247.151		247.151
KOTE NIVELETE		249.000			248.250		247.762		247.583		247.490		247.407		247.343		247.226				
KOTE DESNOG RUBA	TRAK_D1	249.075			248.325		247.837		247.658		247.565		247.482		247.418		247.301		247.301		247.301

PRAVCI I KRIVINE



POPREČNI NAGIBI



РЕВИЗИЈА	ЗАБЕЛЕШКИ
ДАТА	
М. П.	

[redacted]

ИНВЕСТИТОР:
ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ


ЦРТЕЖ:
НАДОЛЖЕН ПРОФИЛ


ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АНГЕЛКА РИСТЕСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.
БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ А 2.0511


СОРАБОТНИЦИ:


ТЕХНИЧКИ БРОЈ: Г_875/2024	БРОЈ НА ЛИСТ: 04
ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖЕН Г	ВКУПНО ЛИСТОВИ: 05
ФОРМАТ: А3(297mm−580mm)	РАЗМЕР: 1:100/1000


ДАТУМ, МЕСТО:
ДЕКЕМВРИ,2024


























[redacted]

ИНВЕСТИТОР:
ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ

ЦРТЕЖ:
ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ ОД ПР.1 ДО ПР.10

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
АНГЕЛКА РИСТЕСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.
БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ А 2.0511

СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
Г_875/2024

БРОЈ НА ЛИСТ: 05

ВИД НА ПРОЕКТ:
ГРАДЕЖЕН

ВКУПНО ЛИСТОВИ: 05

ФОРМАТ:
А4(297mm-950mm)

РАЗМЕР:

ДАТУМ, МЕСТО: ДЕКЕМВРИ,2024

РЕВИЗИЈА

ЗАБЕЛЕШКИ

ДАТА

ИНВЕСТИТОР: ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ

ИДЕЕН ПРОЕКТ
ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ



ПРОЕКТИРАЊЕ: ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП доо Скопје

ИНЖЕНЕРСКА ОБЛАСТ: ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ПРОЕКТ “Е”

МЕСТО НА ИЗВЕДБА: ГРАД СКОПЈЕ

Igor Vasilev Digitally signed by Igor Vasilev Date: 2025.02.18 16:25:04 +01'00'

Slagjan Stojanovski Digitally signed by Slagjan Stojanovski Date: 2025.02.19 09:20:29 +01'00'

Технички бр.Е_875/2024
Скопје, Декември, 2024 г

НАЗИВ НА ПРОЕКТ:	ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ
ИНЖЕНЕРСКА ОБЛАСТ:	ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ПРОЕКТ, “Е“ - II КАТЕГОРИЈА
ВИД НА ПРОЕКТ:	ИДЕЕН ПРОЕКТ
ИНВЕСТИТОР:	ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
ПРОЕКТАНТ:	ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО СКОПЈЕ бул. Киро Глигоров бр.4, 1000 Скопје ЕДБ 4043011508907
ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	Е_875/2024
МЕСТО И ДАТА:	СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ, 2024 година

СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ

I. ОПШТ ДЕЛ:

- РЕГИСТРАЦИЈА НА ФИРМА
- ЛИЦЕНЦА "Б" ЗА ФИРМА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД II КАТЕГОРИЈА
- РЕШЕНИЕ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ
- ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

II. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

- ТЕХНИЧКИ ОПИС
- ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ
- ПРЕЛИМИНАРЕН ПРЕДМЕР

III. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Цртеж бр.1	-	Ситуација – Нова состојба
Цртеж бр.2	-	Еднополна шема на МРО-1 и МРО-2
Цртеж бр.3	-	Детали за столб за осветлување – Димензии
Цртеж бр.4	-	Детали за столб за осветлување – Темели
Цртеж бр.5	-	Детали за столб за осветлување – Заземјување
Цртеж бр.6	-	Детали за полагање на НН и СН кабли
Цртеж бр.7	-	Детали за вкрстување на кабли со други инсталации

I. ОПШТ ДЕЛ

Број: 0809-50/1501202400020073

Датум и време 8.8.2024 г. 13:28

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6717918
Назив:	Друштво за градежништво,трговија и услуги ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО увоз-извоз Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР КИРО ГЛИГОРОВ бр.4 СКОПЈЕ - ГАЗИ БАБА, ГАЗИ БАБА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија издадена под број П.504/А од 13.09.2022 год. со важност до 13.09.2029 год. од Министерство за транспорт и врски.

Правна [illegible] на овој реален акт [illegible] ви приговор до [illegible]нтралниот регистар на Републ[illegible] Македонија во [illegible] от на [illegible]

И[illegible]

[illegible]но лице:

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18,и „Службен весник на Република Северна Македонија" 244/19, 18/20 и 279/20), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

на

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО увоз-извоз Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

БУЛЕВАР КИРО ГЛИГОРОВ бр.4 СКОПЈЕ - ГАЗИ БАБА, ГАЗИ БАБА
ЕМБС: 6717918

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 13.09.2029 година

Број П.504/А
13.09.2022 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварески

Врз основа на член **15** и **18** од Законот за Градење (Службен весник на РМ број 130/2009; 124/2010; 18/2011; 18/2011; 36/2011; 49/2011; 54/2011; 59/2011; 13/2012; 39/2012; 144/2012; 25/2013; 70/2013; 79/2013; 137/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014; 115/2014; 149/2014; 187/2014; 44/2015; 129/2015; 129/2015; 217/2015; 226/2015; 30/2016; 31/2016; 39/2016; 71/2016; 103/2016; 132/2016; 35/2018; 64/2018), го донесувам следното:

РЕШЕНИЕ

Проектантот ***Игор Василев,*** *дипл. ел. инж. со овластување "А" бр.* 4.0186 за изработка на проектна документација од Електротехника, се одредува за ***одговорен проектант*** при изработка на:

ИДЕЕН ПРОЕКТ
ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Игор Василев се одредува за одговорен проектант, бидејќи ги исполнува условите од Законот за Градење.

Управител:
М-р Слаѓан Стојановски д.г.и

_____

Во изработката на техничката документација за изработка на

ИДЕЕН ПРОЕКТ
ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА 1 И РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО СКОПЈЕ

учествуваше:

Одговорен Проектант:

- ***Игор Василев*** *дипл.ел.инж со овластување "А" бр. 4.0186*

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр 70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 277/2022 и 111/2023, Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

на

ИГОР ВАСИЛЕВ

дипломиран инженер по електротехника (NQF VII,)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 04.03.2029 год

Број: 4.0186

Издадено на: 05.03.2024 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Христинка Чулак
дипл.инж.арх.

II. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ТЕХНИЧКИ ОПИС

за идејно решение за електрични инсталации за улично осветлување на новопланирана улица „Индустриска 1“ и раскрсница со улица „Јустинијан Први“ во Скопје

Идејното решение за осветлување на новопланираната улица „Индустриска 1“ и раскрсница со улица „Јустинијан Први“ во Скопје е изработен според IEC стандардите, CIE 140.

Осветлувањето на улиците е прикажано на Цртеж бр.1. Осветлувањето предвидено е биде со нови LED светилки кои ќе бидат поставени на нови столбови.

Предвиденото уличното осветлување, ќе се напојува од 2 МРО-и, кои се прикажани на цртежот. Од МРО-1 се поставуваат 2 струјни круга, и тоа Извод-1, на кој се приклучуваат столбовите од бр. 1 до бр. 12 и Извод-2, на кој се приклучуваат столбовите од бр. 13 до бр. 20. Од МРО-2 исто така предвидени се 2 струјни круга, и тоа Извод-1, на кој се приклучуваат столбовите од бр. 21 до бр. 24 и Извод-2, на кој се приклучуваат столбовите од бр. 25 до бр. 28. Постоечките столбови за улично осветлување се демонтираат и отстрануваат од улицата.

Доколку со решението за приклучок е предвидено поинаков приклучок, тоа да се прилагоди на условите кои се наведени во издаденото решение за приклучок издадено од операторот на дистрибутивнот систем.

Напојниот кабел за новите столбови предвидено е да биде тип NAYY-O-4x16 mm^2 и се поставува долж предвидената траса заедно со лента за заземјување FeZn 30x4 mm. Избраниот кабел ги задоволува потребните услови и барања, трајно дозволената струја на кабелот е поголема од номиналната погонска струја, како и падот на напонот кој е во дозволените граници.

Доколку Инвеститорот планира зголемување или проширување на оптеретувањето со вградување на нови светилки, може да се вгради кабел со поголеми димензии и кабел со поголема трајно дозволена струја според важечки стандард. Со овој проект не се предвидени и не се земени никакви проширувања, туку само светилките наведени во овој проект и согласно Проектната задача. За таа цел ќе биде потребно да се изработи нов Основен проект.

Не е дозволено да се постават два кабла во една иста цевка, туку еден кабел да се постави во една цевка, во се према Цртеж бр.1.

Еднополна шема на разводните ормари (МРО-1 и МРО-2) е прикажана на цртеж бр. 2.

За непречено снабдување на потрошувачите со електрична енергија, потребно е тие да се приклучат на стабилен напон 3×220/380 V; ± 5%, f = 50 Hz; ± 1%.

ОСВЕТЛУВАЊЕ

Согласно важечките прописи и стандарди и извршените фотометриски пресметки за нивото на осветленост за техничкото решение за осветлување на патниот правец, како и согласно барањата во проектната задача, предвидено е осветлување со нови ЛЕД светилки, со светлосен флукс од 17800 lm. со моќност од 133 W и температура на боја од 4000 K. Ефикасноста на светилката е 134 lm/W. Избраните светилки во потполност ги задоволуваат критериумите и одредбите согласно важечките стандарди.

Предвидените сијалици, заедно со светлосните арматури ќе се постават на нови трисегментни челично топло поцинкувани столбови со височина од h=7,0 м. Светилките се монтираат на лира со должина од 1 м., која се поставува на столбовите со обујмици и споени со три шрафа. Според димензиите на лирата, вкупната височина на светилката од

коловозот е 8 м. Димензиите, податоците за столбовите и лирата се прикажани на Цртеж бр.3. Височина на светилката од коловозот од 8,0 м. е земена како основа за фотометриските пресметки.

Предвидено е да се постават 25 нови столбови. Нивото на осветлување ги задоволува критериумите според МКС ЕН 13201, за класа на осветлување М3. Ознаките на столбовите се прикажани на Цртеж бр.1.

Столбовите ќе бидат поставени според цртеж бр.1. Металните столбови ќе се монтираат на бетонски фундамент МБ20 (1x1x1) м. со анкер плоча и анкер завртки бетонирани во фундаментот, како што е прикажано на деталите, Цртеж бр. 4 и 5. Во фундаментот пред бетонирање, се поставува пластично свитливо црево ϕ70 мм., за положување на напојниот кабел. Исто така, пред бетонирање на темелот, да се постави и лента за заземјување. Пред изведување на темелите и изработка на столбовите, димензиите на сите носечки елементи, да се проверат и потврдат со соодветна статичка пресметка. Доколку димензиите се потврдат со пресметката, да се отпочне со изведба на столбовите и темелите. Пресметката да биде извршена од страна на овластен инженер од соодветна струка.

Во металниот столб, ќе биде поставен отвор со капак за вградување на кутија со осигурувачи клеми со заштита од најмалку IP54. Осигурачот е B10A, 1p. До сијалицата се води кабел NAYY-O-3x2,5 мм2.

Сите столбови да се заштитат од корозија и надворешни атмосферски влијанија и да се офарбаат според барањата на Инвеститорот. Нацрт и скица за поставување на столбовите и нивната локација е прикажана на цртеж бр.1.

Столбовите се поставуваат на тротоарот на растојание од 1,5 м. од ивицата на коловозот.

Целата предвидена опрема, како што се столбови, светилки и останато задолжително да биде со степен за заштита доволен за надворешна монтажа и употреба.

Постоечките столбови, заедно со светилките и темелите, електричната инсталација за столбовите, да се демонтира од трасата на улицата.

Пред да се започне со демонтажа на постоечките столбови, да се исклучи нивното напојување, а соодветните осигурачи доверливо да се обезбедат од несакано вклучување. Да се примени и почитува сигурносен систем и да се применат соодветни сигурносни мерки. Пред било каква демонтажа на електричната инсталација, да се провери дали секој елемент од постоечката електрична инсталација е во безнапонска состојба.

После демонтажа на постоечката електричната инсталација и нејзиното отстранување, да се складира, да се евидентира и да се предаде на Инвеститорот, со соодветен записник во присуство на надзорниот инженер и претставници на изведувачот и Инвеститорот.

ВКРСТУВАЊЕ НА КАБЛИТЕ СО КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Пред отпочнување на изведбата, изведувачот е должен детално и внимателно да го проучи проектот, а особено основите со подземните инсталации. Изведувачот е должен да постапи согласно препораките и барањата во потврдите и согласностите за подземните инсталации издадени од компаниите кои се сопственици или кои управуваат со одредени инсталации. Изведувачот треба да ги усогласи активностите во врска со откопот околу вкрстувањата со овластени и стручни луѓе од градот/општината и од компаниите сопственици на подземните инсталации.

Изведувачот треба да ги примени сите заштити на комуналната инфраструктура на местата на вкрстување кои се дадени од градот.

Пред да се започне со работа прво мора да се означат сите подземни комунални инсталации во присуство на сопственикот на истите и со помош на негови инструкции за полесно наоѓање.

Изведувачот треба да побара од сите сопственици на комунална инфраструктура да му ги кажат и да ги посочат сите инфраструктури кои се прикажани и не се прикажани на

цртежите во проектот, а се вградени или планирани после датумот на издавањето на потврдата за постоечка подземна инсталација.

За секое маркирање извршено од изведувачот и сопственикот на комуналната инфраструктура мора да се направи запис и цртежи за проектот ако е потребно или да се потврди маркирањето со негово внесување во градежниот дневник.

Пред да се започне со користење на механизација, сите подземни комунални инсталации кои се вкрстуваат со ровот или се наоѓаат на растојание од 1м од осовината на кабелот треба рачно да се откопаат. Каналите на вкрстената комунална инфраструктура мора да се откопа во ширина на целиот ров и мора веднаш да биде заштитена ако е потребно, како што ќе биде побарано во деталниот проект или ако сопственикот го побара тоа. Методот на заштита мора да биде одобрен од надзорот со тоа што ќе биде впишан во градежниот дневник.

Авторизиран претставник на сопственикот или менаџерот на инсталацијата мора да биде присутен кога ќе се извршува откопот и заштитата на нивната инфраструктура, а тоа мора да биде внесено во градежниот дневник. Исто така ако претставникот има дополнителни барања треба да се внесат во градежниот дневник.

Изведувачот мора да го обезбеди градилиштитето на таков начин да не дојде до оштетување на комуналните инсталации. Освен генералните инструкции за поставување на кабли, заштитните мерки за безбедност на работа треба да се применат и условите од законот за здравје и заштита на работници на привремени и подвижни градилишта.

Побарувањата на сопствениците на комуналните канали се земаат во предвид при извршувањето на овој дел од поставувањето на кабелот.

Во случај да нема посебни побарувања од страна на сопственикот или управителот на инсталациите, вкрстувањето се извршува на следниот начин:

1. Обележување на каналот,
2. Обележување на целата подземна комунална инфраструктура,
3. Обележувањето да биде извршено според техничката документација и документи во истата,
4. Рачното откопување на каналите се врши околу точките на вкрстување. По откопот треба да се изврши заштита на каналите и комуналните инсталации и да се внесе во градежниот дневник.

Конечното решенеие и Основниот Проект ќе се изготви после добивање на сите потребни документи.

Составил:
дипл.инж.ел. Игор Василев

ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛСКИ ВОДОВИ

1. Услови за проектирање

1.1. Каблите треба да се полагаат слободно во земја, а на премин преку улица, пат или патека, како и на сите оние места каде каблите треба да се заштитат од евентуални механички оштетувања или да се изолираат од просторот низ кој поминуваат, каблите се полагаат во бетонски, пластични или челично поцинкувани цевки.

1.2. По правило, за енергетски кабли е одреден појас широк најмалку 0,7 м. И тоа почнувајќи од линијата на објектот (внатрешен раб на тротоарот).
Распоредот на енергетските кабли посматран од градежната линија на објектот е следен:
- нисконапонски кабли за напојување на широка потрошувачка;
- кабел за улично осветление ако светилките се поставени на јажиња преку улица;
- високонапонски кабел 10 kV;
- високонапонски кабел 35 kV;
- кабел за улично осветление, ако светилките се поставуваат на столбови. Во овој случај, каблите се полагаат во линија на столбовите.

1.3. При паралелно водење на енергетски кабли со други комунални инсталации и при вкрстувањето на енергетските кабли со други комунални инсталации, треба да се запазат прописните растојанија.
При полагање на енергетски кабли, покрај кабли за електро врска – ТТ кабли треба да се запазат следните прописи за заштита на ТТ кабли од влијанието на енергетски кабли предвидени во Сл. Лист на СФРЈ бр. 34/51 и 13/60.
При паралелно водење на енергетски кабли со акбли за електро врска, потребно е да се обезбедат минимални растојанија:
- енергетски кабел од 1 kV, покрај кабел за електроврска мин. 0,3 м.
- енергетски кабел до 10 kV, покрај кабел за електроврска мин. 0,5 м.
- енергетски кабел над 10 kV, покрај кабел за електроврска мин. 1,0 м.

Во случај да наведените растојанија не можат да се постигнат, тогаш енергетските кабли треба да се постават во цевки со добра проводливост (челична цевка), а кабелот за електро врска цо цевката со што помала проводливост (бетонска цевка) или заштитен канал од сличен материјал. Металниот плашт на енергетскиот кабел за напони поголеми од 250V, на делот на паралелно полагање, мора да биде заземјен барем кај секоја спојница, а на енергетските кабли за напони над 10 kV меѓусебното растојание на поедините заземјувачи да не биде поголемо од 200 м., на делот на паралелно полагање на каблите.

Земјоводот треба да биде барем 2 м. Оддалечен од кабелот за електро врска.

Аголот на вкрстување по правило треба да биде што поблиску до 90º и не помал од 45º, освен во исклучителни случаи мога може да биде по договор и помал, но не помал од 30º.

Вертикалното растојание на 10 kV енергетски кабел со кабелот за електро врска, мора да биде најмалку 50 цм. Ако тоа растојание не може да се постигне, тогаш енергетскиот кабел се поставува во метална цевка долга 2-3 м., а кабелот за електро врска во бетонска цевка, со тоа, да растојанието во овој случај не смее да биде под 30 цм.

Сите вкрстувања на енергетските кабли со подземните комунални инсталации се разгледуваат како места на веројатни повреди на каблите, за кое на тие места по можност се поставува дополнителна заштита на каблите од механички повреди.

Паралелно полагање на кабли покрај цевководите и топловодите најчесто треба да се избегнува, во спротивно, мора да се остварат следниве растојаниа:

- при паралелно полагање на кабел со цевковод – најмалку 0,5 м.
- при вкрстување на кабел со цевковод од помала важност – најмалку 0,3 м.
- при вкрстување на кабел со главен цевковод – најмалку 0,5 м.

Во сите горенаведен случаи, кабелот треба да биде механички заштитен.

Растојанието меѓу кабелот и топловодот при вкрстување не смее да биде помало од 0,6 м. При тоа, топловодот на делот на вкрстување од обете страни по 2 м. Мора да има таква топлотна изолација, да температурата на земјата не се зголеми за повеќе од 10º при највисока летна температура, а не повеќе од 15º при највисока зимска температура.

Овие услови важат било да кабелот оди над или под топловодот. На местото на вкстување кабелот се заштитува со цевка од бетон или сличен материјал и тоа по должина од 1,5 м. лево и десно од местот на вкрстување.

Хоризонталното растојание помеѓу кабел и топловод при паралелно водење не смее да биде помало од 2 м.

Вкрстувањето на каблите со сообраќајници се врши на длабочина од 1,1 м. под коловоз. Кабелотсе полага во бетонски блокови или поцинкувани челични цевки. Истите треба да излегуваат по 1 м. вон ивичњаците на коловозите.

Вкрстувањето на каблите со железничка пруга се врши на длабочина од 1,1 м. под горната ивица нља шините. Кабелот да се положи во PVC цевки ϕ50 мм. При преминот под челезничката пруга и патот да се постават по четири PVC цевки од кои едната ќе биде за резерва. Положбата на подземниот кабел на место на преминот треба да е обложен со ознаки од камен или бетон.

2. Услови за изработка на ров и кабелски канали

2.1. Димензиите на ровот за слободно полагање на каблите во земја (на тротоари и зелени површини) е со следните димензии: длабочина 0,8 м., а ширината е зависна од бројот на каблите кои се полагаат. Изгледот и димензиите на ровот за разни сличаи е даден во проложените цртежи – детали.

На цртежите се дадени димензии на ровот од кабли од 1 kV и 20 kV , и истите важат и за кабли од 35 kV, со тоа што тие се полагаат на длабочина од 1,1 м., а оддлувањето од другите кабли се прави како кај каблите од 10 kV.

2.2. На преоди преку улица, пат и патека, трамвајски пруги, железнички пруги и низ приземни и подрумски простории на градежни објекти, како и на сите оние места каде што може да се очекуваат поголеми механички напрегања на земјиштето или постои евентуално можност од механичко оштетување на кабелот, кабелот исклучиво се полага во кабелска канализација од бетонски, челични или пластични цевки со соодветен пречник.

2.3. Изработка на кабелска канализација се прави на следниов начин:

Ровот за изработка на кабелска канализација е широк 0,3 м. и длабок 1-1,5 м. во зависност од бројот на бетонските блокови, односно цевки кои се полагаат. Потребно е да од последниот ред на блокови, односно цевки до котата на патот-патеката биде 0,8 м.

Изработката на кабловската канализација со бетонски елементи се изработува на следниот начин: При ископувањето на ровот, кој мора да биде потполно рамен на дното се поставува постелка со дебелина од 10 цм. од бетон, марка МБ-10. Горната површина на послелката мора да биде потполно рамна и треба да обезбеди рамна позиција на канализацијата, непрекинат отвор на цевките од едниот до другиот крај и

да спречи подоцнешно кршење на канализацијата на споевите и упропастување на истата, а со неа и каблите кои се наоѓаат во неа. За таа цел, споевите (кои се со должина од 1 м.) мораат со особено внимание да се изработат и да се за;еат со бетон.
Канализацијата да се изработи со бетонски елементи со соодветен број на отвори ϕ100 мм. Спојувањето на цевките да се изведе со заливање на бетонот. Кај полагање на цевките во повеќе слоеви, слоевите мора да бидат меѓусебно померени.
Изработката на канализацијата со пластични цевки се изведува на следен начин: на дното на ровот се посипува слој од ситен песок 10+10 цм. Во слојот на песок се полагаат цевките кои се спојуваат меѓу себе со соодветни фасонски елементи.
Од двете страни на патот, канализацијата треба да биде подолга од ширината на истиот за 0,5-1 м. Ако трасата на кабелот го пресекува и тротоарот и продолжува во зелениот појас, канализацијата да се заврши во зелениот појас.
Ако кабелската канализација е подолга од, на секои 25-30 м. да се изработат окна-шахти. Исто така, на сите промени на провесот и аголот се поставува окна-шахта.
Ако краевите на кабелските цевки се завршуваат со окна-шахти, како што е случај на премин преку улица, веднаш по завршувањето на поставувањето на цевките, истите да се затворат со цигла и залијат со цемент, оставајќи само онолку отвори колку за тоа полагање, кое тогаш се прави потребно.
Затрупување на преостанатиот дел од ровот во патот, да се изведе со песок. При тоа, песокот да се истури во слоеви 20-25 цм. и добро да се набие.
Во колку по завршената поправка на тротоарот и уличните премини дојде до слегањен накнадни поправки ќе го тераат Изведувачот на каблескиот вод.

2.4. Окно-шахта, да се изведе према статичката пресметка за окно во тротоар и окно на улица. Окното треба одвнатре да се израмни. Капакот добро да се заглави.
Окното задолжително да се изведе со дренажен отвор. Нормалните димензии на окното, чисто внатрешни мерки се 2x2 м. Помали димензии се можни во поедини случаи.

3. Услови при работа на кабли

3.1. Изолирани спроводници и кабли мора да се инсталираат така да ја задржат својата механичка, топлотна и електрична цврстина, како и другите особини, значајни за погонската сигурност.

3.2. Каблите со челичната лента се поставуваат само на хоризонтален терен или на кратки косини, ако е аголот помал од 45º. Челичната лента служи само како заштита на кабелот од механички оштетувања. Таа неможе да ги превземе силите на затегање. Затоа, на терени со долги косини или кратки косини, со агол поголем од 45º, мора да се постави кабел со жичана заштита која ја прима на себе силата на затегање и го носи кабелот, а спроводниците не смеат да се затегнати.

3.3. Монтерот е должен при растоварување, односно, превземање на кабелот да провери дали кабелот е оштетен при транспорт.

3.4. Кабелот мора да се растовара со помош на рампа. Не смее да се дозволи при растоварување нагло да падне или да дојде до било каков удар.

3.5. Кабелсиот барабан смее да се тркала по поставените страници, само на кратко растојание. Притоа, треба да се внимава од земјата на која се тркала кабелот да се отстранат сите предмети кои би можеле да го оштетат кабелот. Кабелскиот барабан се тркала само во насока на стрелката која е нацртана на него.

3.6. При поставување на барабанот со помош на цевки или осовина, кој треба да се постави вертикално на висина доволно слободно да се врти.

3.7. При изборот на местото на поставување на барабанот треба да се води сметка тој да биде поставен пред сите отвори (канали и друго).

3.8. Непосредно пред развлекувањето на кабелот треба да се провери дали се добро заштитени краевите на кабелот со заштитни капи од влага. Ако се заштитните капи оштетени или извадени потребно е кабелот детално да се испита и да се отстрани парчето во чија изолација навлегува влагата, а со тоа се расипани изолационите квалитети. После отстранувањето на оштетениот дел се поставува нова заштитна капа, која треба да е подолга од жилите неколку сантиметри за да се избегнеоштетување поради мрдање на кабелот.

